Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат
Бр 50-2084/3
17 05 2013 година
Бул„Илинден“ бр.2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт:www.vlada.mk

ДО Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија
ул„Максим Горки“ бр.20/1-4,1000 Скопје

Предмет: Доставување на одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер
Врска: Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.3.3-05/13-1 од 14.3.2013 година

Почитувани,

Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер со наслов: Доставете ни копија од годишен извештај за реализација на Програмата за активна здраствена заштита на мајки и деца за 2012 година кој Министерството за здравство го има доставено до Владата на Република Македонија, согласно член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2006, 86/2008,6/2010), Ве информира дека во архивата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија нема евидентирано дека е доставен Годишен извештај за реализација на Програмата за активна здраствена заштита на мајки и деца за 2012 година од Министерството за здравство .

Имајќи во предвид дека член 3 алинеата 2 од истиот закон дефинира дека „информација од јавен карактер“е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно неговите надлежности, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија утврди дека не ја создал бараната информација, но ниту располага со неа што е потврдено со проверка во архивата на овој орган.

Согласно членот 18 став 1 ако имателот на информации што го примил барањето не располага со бараната информација е должен да го препрати барањето до имателот на информации кој според содржината на барањето е имател на информацијата и за тоа ќе го извести барателот.

Имајќи го во предвид наведеното, Генералниот секретаријат на Владата го препрати барањето до Министерството за здравство .

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Кирил Божиновски

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**ДО**
**„Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија"**

**ул.„ Максим горки" бр. 20/1-4 Скопје**

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 50-2085/4
17.05. 2013 год.

Бул.Илинден бр.2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

**ПРЕДМЕТ:** Известување
Врска: Ваш акт бр.3.3-05/13-2 од 14.03.2013 година

Почитувани,

Од Ваша страна до Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија доставивте барање за информација од јавен карактер со кое побаравте да Ви доставиме „Копија од годишен извештај за реализација на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2012 година, кој Министерството за здравство го има доставено до Владата на Република Македонија".

Постапувајќи по Вашето барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија изврши увид во архивата со цел обезбедување на бараната информација.

Од увидот во архивата на Генералниот секретаријат се констатира дека овој орган не располага со бараната информација. „Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2012 година" ја има изготвено, Министерството за здравство, аналогно на тоа истото е можен, потенцијален, имател на бараната информација, доколку во било која форма, предметното министерство ја создало во согласност со членот 3 од предметниот закон.

Со оглед на погоре наведеното, а согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер е проследено на надлежно постапување во Министерството за здравство.

Со почит,

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Скопје

FROM : Komisija za Informacii od JK PHONE NO. : +389 2 3114695 JUN. 07 2013 01:43PM P1

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

ДО Министерството за здравство
ул„ 50 та Дивизија" бр.14
1000 Скопје

Влада на Р
Македони
Генерален
Бр 50
17.05
Бул „Или
1000 Скоп
Републи
Тел.(02) 3
Сајт:www

Предмет: Доставување на надлежност на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер со наслов: „Доставете ни копија од годишен извештај за реализација на Програмата за активна здраствена заштита на мајки и деца за 2012 година кој Министерството за здравство го има доставено до Владата на Република Македонија",поднесено од Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија, ул„Максим Горки" бр.20/1-4,1000 Скопје.

Постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, изврши увид во архивата со цел обезбедување на бараната информација, при што се утврди дека овој орган не располага со истата.

Предлагач на Програмата за активна здраствена заштита на мајки и деца за 2012 година е Министерството за здравство и аналогно на тоа истото е потенцијален можен имател на информацијата, доколку во било која форма ја создало согласно член 3 од предметниот закон.

Имајќи го во предвид наведеното, а согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.13/2006, 86/2008 и 6/2010), предметот ви го доставуваме на ваша понатамошна надлежност и постапување.

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Кирил Божинов

Подготвил: Даниел Николов
Контролирал: Драгана Спасева
Согласен:Стојанчо Радичевски
Одобрил:Гоце Боболински

блика Македонија
да на Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**ДМЕТ: Препраќање на барање за слободен пристап
нформации од јавен карактер**

Бр. 50 · 2085/1
Скопје,
17 ·05 2013 година


Влада на Република
Македонија
Генерален
секретаријат

Бул.„Илинден" бр.2
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Факс.(02) 3228 221
Сајт:www.vlada.mk


тувани,

Од страна на Здружението еманципација, солидарност и квост на жените на Република Македонија–Скопје од Владата на блика Македонија–Генерален секретаријат беше побарана ната информација од јавен карактер „Копија од годишен извештај ализација на Програмата за рана детекција на малигни заболувања епублика Македонија за 2012 година кој Министерството за ство го има доставено до Владата на Република Македонија" сно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од каракер („Службен весник на Република Македонија" број 13/2006, 08 и 6/2010).

Постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации вен карактер, Генералниот секретаријат на Владата на Република донија изврши увид во архивата со цел обезбедување на бараната рмација.

Од увидот во архивата на Генералниот секретаријат се атира дека овој орган не располага со бараната информација. рамата за рана детекција на малигни заболувања во Република донија за 2012 година" ја има изготвено, Министерството за ство, аналогно на тоа истото е потенцијален, можен, имател на ата информација, доколку во било која форма, ја создал во ност со членот 3 од предметниот закон.

Со оглед на погоре наведеното, а согласно член 18 од Законот за ден пристап до информации од јавен карактер, предметот Ви го вуваме на Ваша понатамошна надлежност и постапување.

чит,

РАЛЕН СЕКРЕТАР
ил Божиновски

: Барање бр.50-2085/1 од 19.03.2013година

Република Македонија
**Министерство за здравство**

До:

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија
ул. Максим Горки бр.20/1-4
1000 Скопје

Бр. 08-4216/2
13 JUN 2013 2013 година

Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

Предмет: Одговор на доставено барање за пристап до информации од јавен карактер

До Министерство за здравство од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија доставени се предмети со број 50-2085/3 барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија, со седиште на улица Максим Горки бр.20/1-4, а застапувано од Дарко Антиќ, за доставување на копија од годишен извештај за реализација на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Македонија за 2012 година.

Министерство за здравство Ве известува дека надзор над спроведување на програмите врши Министертсвото за здравство и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија, и во таа насока извештај за реализација на програмите не се доставува до Владата на Република Македонија континуирано годишно.

Министерстсвото за здравство е спремно да ја извести Владата на Република Македонија секогаш кога тоа ќе биде побарано.

*Подготвил: Нермина факовиќ*
*Одобрил: Прим. Д-р Јованка Костовска*

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
М-р Јовица Андовски

Република Македонија
**Министерство за здравство**

До:

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија
ул. Максим Горки бр.20/1-4
1000 Скопје

Бр. 08-4206/2
13 JUN 2013 2013 година

Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

Предмет: Одговор на доставено барање за пристап до информации од јавен карактер

До Министерство за здравство од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија доставени се предмети со број 50-2084/4 барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија, со седиште на улица Максим Горки бр.20/1-4, а застапувано од Дарко Антиќ, за доставување на копија од годишен извештај за реализација на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2012 година.

Министерство за здравство Ве известува дека надзор над спроведување на програмите врши Министертсвото за здравство и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Македонија, и во таа насока извештај за реализација на програмите не се доставува до Владата на Република Македонија континуирано годишно.

Министерстсвото за здравство е спремно да ја извести Владата на Република Македонија секогаш кога тоа ќе биде побарано.

*Подготвил: Нермина факовиќ*
*Одобрил: Прим. Д-р Јованка Костовска*

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
М-р Јовица Андовски